Врз основа на член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 14 став (7) и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 јануари 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип за регулиран период 2021 – 2023 година**

1. Да се започне постапка за донесување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип за регулиран период 2021 – 2023 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија “и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна, Методологијата за определување на тарифите за водна услуга и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија поднесе Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа за регулиран период 2021 - 2023 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-154/20 од 29 јули 2020 година година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги, донесе Решение за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип за регулиран период 2021 – 2023 година, УП1 бр. 08-154/20 од 27 август 2020 година година.

Со гореспоменатото решение се утврди просечната тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води да изнесува за 2021 во износ од 4,08 ден/m$^3$, за 2022 година во износ од 4,42 ден/m$^3$ и за 2023 година во износ од 4,63 ден/m$^3$.

Со истото решение се утврди минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за 2021 година да изнесува 1,91%, за 2022 година да изнесува 4,83% и за 2023 година да изнесува 5,59%.

Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година беше објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр.212 од 02 септември 2020 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон,

градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифата за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, член 14 став (7) и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината.

Со оглед на тоа што во законскиот утврден рок од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката за утврдување на тарифа на водната услуга, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**УП1 бр. 08-154/20**
**14 јануари 2021 година**
**Скопје**

**Претседател**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**